Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/34
21.12.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-985/34
21. 12 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 38-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 29.11.2021 година | **Време** | 09.30 – 11.00 часот |
| **Бр. на седница** | 38-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Зоран Мурџев, Сашко Стојковски, Милан Николовски (независни експерти). | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Ангел Симов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК, одржана на 12.11.2021 година ;
2. Предлог мислење на НКБК во однос на Правилникот на АЕК за изменување и дополнување на правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства ;
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 38-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 37-та седница, одржана на 12.11.2021 година, на кој што немаше предложено забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија за измените на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства.

Тој појасни дека на барање на АЕК, НКБК изготви предлог мислење за измени на правилникот што беше доставено до членовите и надворешните стручни лица, сите конструктивни предлози и забелешки без земени предвид и станаа составен дел на мислењето.

Генерален став во мислењето е дека Правилникот треба да пропише правила за заедничко користење на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства кои ќе треба да се применуваат во фазите на планирање, проектирање, градење, употреба и одржување на истите. Затоа, целта и предметот на регулација треба да се променат, како и опфатот на податоците кои би се барале од операторите.

Исто така, во предлог мислењето на правилникот се содржани три дополнителни препораки : 1. Правилникот не може да се содржи материја која веќе е уредена со Законот за градење, 2. Листата на стандарди треба да биде изземена од правилникот бидејќи согласно ЗЕК треба да биде објавена на веб-страната на АЕК 3. Податоци не смее да се бараат од оператор пред или како услов за обезбедување на комуникациските мрежи и истите треба да бидат пропорционални и објективни за целта за која ќе се употребат.

**Заклучок:** За неколку дена ќе биде направена и доставена финална верзија на Предлог мислењето за измени на Правилникот.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ членот на НКБК, Славица Настеска истакна дека на 12 ноември, Европската комисија го објави најновиот Годишен извештај на ЕУ за развој на бродбендот врз основа на DESI индикаторите. Како што појасни, еден индикатор се укинува (покриеност до основен фиксен бродбенд), а се додава нов индикатор ( покриеност со 5G).

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________